Предлагач: Група пратеници

# П Р Е Д Л О Г НА З А К О Н
за изменување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка

Скопје, септември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: 17. 09. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org | Број / Numër | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlere |
| 08 | 44751/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Пратеници:

Љупчо Пренџов

Бојан Стојаноски

Даниел Стојчевски

RIJAD SHAQIRI

Драган Ковачки

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Работата, статусот и субјективитетот на јавните претпријатија се регулирани со Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22).

Јавните претпријатија се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес.

Законот за јавните претпријатија ја уредува работата и делувањето на јавните претпријатија.

Органи на јавното претпријатие се: управниот одбор, надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директорот.

Законот содржи услови за назначување на членови на управни одбори, директори и членови на надзорни одбори.

Со овој Предлог на закон се зајакнуваат критериумите за именување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавното претпријатие при што наместо 3 години работно искуство од областа на финансиското работење и правните работи, членовите на управниот и надзорниот одбор потребно е да имаат најмалку 5 години работно искуство од областа. Ова би значело дека членовите на управниот односно надзорниот одбор треба многу добро да ја познаваат работата на јавното претпријатие како и сите прописи кои се однесуваат на работата на јавните претпријатија.

Дополнително, со овој Предлог на закон значително се олеснува административната постапка за избор на членови на управниот, односно надзорниот одбор од причина што во досегашното законски решение беше вклучена Комисија за човечки ресурси и одржлив развој која е основна комисија на Владата и која според Деловникот за работа на Владата не е надлежна да спроведува постапки за избор и именување на членови на управни и надзорни одбори.

Со овој Предлог на Закон се предлага формирање на Комисија за селекција во рамките на Владата која ќе врши административна обработка на примените апликации врз основа на претходно објавен оглас за пријавување на кандидати за пројавување на интерес, ќе спроведува интервју со кандидатите, ќе изготвува ранг листа на најдобро рангирани кандидати и истата ќе ја достави до основачот.

Наведените причини ја наметнаа потребата од донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овие измени на Законот за јавните претпријатија е да се изврши зајакнување на критериумите за именување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавното претпријатие при што наместо 3 години работно искуство од областа на финансиското работење и правните работи, членовите на управниот и надзорниот одбор потребно е да имаат најмалку 5 години работно искуство од областа. Се олеснува административната процедура за избор на членови на управниот, односно надзорниот одбор на начин што се предлага наместо објавување на јавен оглас да биде објавен оглас за пријавување на кандидати за пројавување интерес на веб страницата на Владата, при што Владата ќе формира Комисија за селекција која ќе спроведува интервју со кандидатите и ќе изготвува ранг листа на најдобро рангирани кандидати и истата ќе ја доставува до основачот.

## III.ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV.ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот, Собранието да расправа по скратена постапка

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Во Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 89/22 и 274/22), во член 17 ставот 5 се менува и гласи:

„Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство во струката од кои:
- најмалку еден член на управниот одбор работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор работно искуство од областа на правните работи. ".

Член 2

Членот 17 -а, се менува и гласи :

,,За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на генералниот секретар на Владата, Владата објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор со времетраење од три дена на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје, објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор со времетраење од три дена, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан повикот.

Владата на предлог на Генералниот секретар на Владата, формира Комисија за селекција на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата, која се состои од пет членови и нивни заменици и тоа: претседател, негов заменик, еден член и негов заменик, од редот на вработените во Канцеларијата на Претседателот на Владата, еден член и негов заменик од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата, еден член и негов заменик од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата и еден член и негов заменик од редот на вработените во јавното претпријатие.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината односно во градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината односно во градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидатите.

Формата и содржината на повикот од ставовите 1 и 2 на овој член, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, ги пропишува министерот за економија и труд.".

Член 3

Членот 17 -в се менува и гласи:

,,Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите, утврдени во повикот од член 17-а од овој закон, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот од член 17-а од овој закон или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот од член 17-а од овој закон.".

Член 4

Членот 17-г се менува и гласи:

,,Комисијата од член 17-а ставови 3 и 4 од овој закон, најдоцна десет дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административна селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Комисијата од член 17-а ставови 3 и 4 од овој закон, подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу десет најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор најдоцна десет дена од денот на завршувањето на интервјуто.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од ставот 4 на овој член, донесува одлука за именување на членови во

управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот 5 на овој член на својата веб-страницата да ги објават кратките биографии на сите членови на управниот одбор.“.

Член 5

Членот 17-д се менува и гласи:

„Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.“.

Член 6

Во член 17 -ѓ во ставот 5 зборовите: „три месеци“ се заменуваат со зборовите: „шест месеци“ .

Ставот 6 се менува и гласи:

„Владата на Република Северна Македонија кога е основач на јавното претпријатие на предлог на Комисијата за селекција од член 17-а став 2 од овој закон, назначува вршители на должност членови на управен одбор без спроведување на постапката од член 17-а ставови 1 и 2 од овој закон.”.

Член 7

Во членот 26 став 3, алинејата 1 се менува и гласи:

„- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие.“

Член 8

Членовите на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 9

Започнатите постапките за именување на членови на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија до денот на влегување во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 10

Јавните претпријатија се должни да ги усогласат статутите согласно со овој закон, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Со членот 1 од Предлог на законот се интервенира во одредбата на членот 17 од Законот за јавните претпријатија каде се утврдени критериумите за член на управен одбор.

Со членот 2 се уредува постапката за избор на член на управен одбор во јавните претпријатија.

Со членот 3 се уредува начинот на спроведување на административната селекција на пријавените кандидати за избор на член на управни и надзорни одбори во јавните претпријатија.

Со членот 4 се уредува постапката за спроведување на интервјуто од страна на Комисијата за селекција.

Со членот 5 се интервенира во членот 17- д од Законот за јавните претпријатија.

Со членот 6 се интервенира во членот 17-ѓ, со кој се зголемува мандатот на вршителите на должност членови на управниот одбор и тоа од 3 на 6 месеци.

Во членот 7 се утврдени критериуми за избор на член на надзорен одбор во јавните претпријатија.

Со членот 8 се утврдува дека членовите на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Членовите 9 и 10 се однесуваат на започнатите постапки за именување на членови на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија, како и на рокот за усогласување на статутите на истите.

Со членот 11 се утврдува рокот за донесување на подзаконскиот акт утврден во член 2 од овој закон.

Со членот 12 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите се однесуваат на иста правна работа.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог – законот се зајакнуваат критериумите за именување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавното претпријатие како и значително се

олеснува административната постапка за избор на членови на управниот, односно надзорниот одбор од причина што во досегашното законско решение беше вклучена Комисија за човечки ресурси и одржлив развој која е основна комисија на Владата и која според Деловникот за работа на Владата не е надлежна да спроведува постапки за избор и именување на членови на управни и надзорни одбори.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 17

Управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, градот Скопје, општината во која живеат над 50.000 жители, како и управниот одбор на меѓуопштинско јавно претпријатие се состои од седум членови.

Управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината во која живеат до 50.000 жители се состои од пет членови.

Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:
- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 17-а

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на генералниот секретар, Владата на Република Северна Македонија распишува јавен повик за пријавување на

заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претријатие за кое е распишан јавниот повик.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб - страница и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.

Јавниот повик од ставовите 1 и 2 на овој член особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети од член 17 од овој закон.

На јавниот повик од ставовите 1 и 2 на овој член може да се пријават ситезаинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Формата и содржината на јавниот повик од ставовите 1 и 2 на овој член, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управниот одбор, ги пропишува министерот за економија.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, постапката за селекција ја спроведува Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој формирана од Владата на Република Северна Македонија.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од:
- претседател и негов заменик, вработени во општината односно во градот Скопје,
- еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината односно во градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие,
- еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.

Член 17-в

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во

пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.

Член 17-г

Комисијата од член 17-а ставови 6 и 7 од овој закон најдоцна десет дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши
нивно бодување.

Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција и интервјуто, од кандидатите кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција, Комисијата од член 17-а ставови 6 и 7 од овој закон подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг- листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор, која се објавува на веб - страницата на основачот на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од ставот 4 на овој член, донесува одлука за именување на членови во управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот 5 на овој член на својата веб-страницата да ги објават кратките биографии на сите членови на управниот одбор.

Основачот на јавното претпријатие целокупната документација од постапката за селекција ја чува најмалку десет години согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Член 17-д

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Член 17-ѓ

Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно со членот 11 точка 7 од овој закон.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање,

- ако неоправдано отсуствува на седниците на управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година,
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на управниот одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно со одредбите од овој закон.

Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав. Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу три месеци, без можност за продолжување.

Владата на Република Северна Македонија кога е основач на јавното претпријатие на предлог на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој назначува вршители на должност членови на управен одбор.

Општината односно градот Скопје кога е основач на јавното претпријатие, Советот на општината односно Советот на градот Скопје назначува вршители на должност членови на управен одбор на предлог на градоначалникот на општината, односно на предлог на градоначалникот на град Скопје.

Член 26

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.